INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 56/2018
19.04. 2018 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## За избор на виш научен соработник/вонреден професор во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница одржана на 30.03.2018 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на виш научен соработник/вонреден професор.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатката со објавени трудови и нивни примероци, кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на доц. д-р Калина Лечевска;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

Комисијата во состав: проф. д-р Дона Колар-Панова, проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р Маја Мухиќ по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Калина Лечевска е родена на 11.02.1984 година во Скопје. Во 2006 година, таа дипломирала на Филозофскиот факултет, на Катедрата по социологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ со просечен успех 8,7.

Во 2008 година ги завршува постдипломските студии на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" од Скопје со просечен успех 10,00. Темата на магистерскиот труд била „Предрасудите и стереотипите кон хомосексуалците во Република Македонија", а кандидатката се стекнала со звање - Магистер по социолошки науки.

Во 2012 година докторирала на социологија на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" од Скопје. Темата на докторскиот труд била „Социолошките димензии на педофилијата во Република Македонија", а Лечевска се стекнала со звање - Доктор по социолошки науки.

Во текот на постдипломските студии работи како помлад истражувач на тековните проекти на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, особено во спроведувањето на теренските истражувања, како и при изготвување на анализа од резултатите добиени од овие истражувања.

Во 2011 година е ангажирана како помлад истражувач – соработник во Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" на предметот „Квалитативни и квантитативни истражувачки методи" во рамки на постдипломските студии на институтот.

Од 2012 година е вработена во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје како научен соработник и доцент. Таа учествува во сите проекти на Институтот и е дел од авторскиот тим кој објавува студии на применети политики. Моментално е ангажирана како доцент на изборниот предмет „Студии на политики во цивилниот сектор".

Од 2011 година, Лечевска е исто ангажирана како дел од основачкиот тим на Институтот за социолошки анализи, каде хонорарно учествува на проекти како научен соработник и истражувач.



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES - SKOPJE
"20 Oktomvri " street, nr. 8, second floor, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: +389 2 311 30 59
e-mail: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## 2. ПРЕГЛЕД И ОЦЕНКА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И УМЕТНИЧКАТА ДЕЈНОСТ

### 2.1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

#### 2.1.1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Калина Лечевска од 2012 година е избрана за научен соработник/доцент на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Во изминатите пет години учествувала на сите домашни и меѓународни проекти спроведени од Институтот, како и на бројни истражувања од Институтот за социолошки анализи, чиј е основач.

**Објавени трудови:**

**МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ:**

"The Problems and the Priorities of the Young Generation in Macedonia", co-author, ANNUAL of ISPJR, Skopje 2017

"On the Margins of the Macedonian Society", author, ANNUAL of ISPJR, Skopje 2016

„Прекумерна регулација како средство за контрола: Задушување на слободата на медиумите и образовниот систем во Македонија", ко-автор, Идентитети, Скопје 2016

"Kulturna baština i politike sječanja" ("The Politics of Heritage and Memory"), ко-автор, Sveučiliste u Zagrebu, 2014

**ИЗГОТВЕНИ СТУДИИ НА ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИКИ СО ПРЕПОРАКИ:**

„Медиумските политики и уредувачката (не)слобода", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2017

„Младинските политики во Република Македонија. Кореспондирање на официјалните со реалните приоритети на младината", ко-автор, Скопје, 2016

„Слободата на изразување, здружување и претприемништво во заробена држава: Случајот на Македонија 2015", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2015

„Technology of State Capture: Overregulation in Macedonian Media and Academia", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2015

„Ефикасно собрание, силна демократија: Визија за подобрување на системот на спреги и кочници во Република Македонија", ко-автор, Скопје 2016

„Хиперрегулацијата како средство на контрола врз медиумската и академската слобода", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2014

„Legalizing Restrictions of the Freedom of the Press", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2014

"Independent Context Watch 2014", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2014

„Official Language Usage in Municipalities in the former Yugoslav Republic of Macedonia", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2014

„Креирање родово ефективни политики", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2014

„Чиј е Александар Велики?: Прашање на кое се потпира проширувањето на ЕУ", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2013

„Проектот Скопје 2014 и неговите ефекти врз перцепцијата на граѓаните на Скопје за македонскиот идентитет", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2013

„Етничка и родова инклузивност во ЛГБТИ движењето во Македонија", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2013

**ПУБЛИКАЦИИ:**

"Independent Context Watch 2016", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2017

„Прирачник за застапување засновано на податоци", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2016

"Independent Context Watch 2015", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2016

„Истражување за разбирањето и познавањето на граѓаните на човековите права и механизмите за заштита при нивното прекршување", ко-автор, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје 2015

"Independent Context Watch 2014", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2015

„Имаат ли Ромите подобро образование денес?", ко-автор, ФООМ, Скопје 2015

Зборник „Збор и слобода", уредник, ИОХН-С, Скопје 2014

„Институционален контекст и начелни политики на основното образование во Република Македонија", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2014

„Напуштање на етноцентричниот дискурс во владината политичка реторика и во институционалните политики", ко-автор, ИОХН-С, Скопје 2013



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES - SKOPJE
"20 Oktomvri " street, nr. 8, second floor, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: +389 2 311 30 59
e-mail: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

„Јавноста и политиката во Република Македонија", ко-автор, ИСА, Скопје 2012

„Демократската свест на граѓаните во Република Македонија", ко-автор, Совет за глобална соработка, Скопје, 2012

„Независноста на медиумите во Република Македонија- случајот А1 Телевизија", ко-автор, ИСА, Скопје 2011

„Инклузивноста на македонското општество", ко-автор, ФИООМ, Скопје, 2008

„Хомофобијата во Република Македонија", Хераклеа, Битола, 2008, индивидуален авторски труд (книга)

**УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ:**

„Дискусии за реформските приоритети во овозможувањето на 'одзаробување' на државните институции", ИОХН-С, 2017-2018

„Политичката култура и идентитетите и улогата на граѓанското општество", ИСА, 2017-2018

„Мапирање на услугите за социјална грижа", ИОХН-С, 2017-2018

„Студии за родот во медиумите во Македонија за 2017 година", ИОХН-С, 2017

"Independent Context Watch 2016", истражувач, ИОХН-С, 2017

„Промена во класите и националните идентитети во Македонија од 1980 година", ИОХН-С 2016-2018

„Иницијатива за уредничка слобода: Нови политики и застапување засновано на податоци", ИОХН-С, 2017-2019

„Демаскирање на заробената држава во Македонија: „Илибералната демократија е легална", истражувач, ИОХН-С, 2016-2017

"Independent Context Watch 2015", истражувач, ИОХН-С, 2016

„Граѓанските организации во промоција и застапување на правото на слобода на изразување и застапување", ИОХН-С, 2015-2016

„Анализа на политики и закони кои влијаат на слободата на изразување", истражувач, ИОХН-С, 2015-2016

„Младинските политики во Република Македонија. Кореспондирање на официјалните со реалните приоритети на младината", истражувач, ИСА, 2015-2016

„Јавното мислење за реформите во образованието-анкета со наставници", истражувач, ФООМ, 2015

„Јавното мислење за реформите во образованието-анкета со средношколци", истражувач, ФООМ, 2015

„Истражување за разбирањето и познавањето на граѓаните на човековите права и механизмите за заштита при нивното прекршување", Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, истражувач, 2015

"Independent Context Watch 2014", истражувач, ИОХН-С, 2015

„Јавното мислење на Ромите", истражувач, ФООМ, 2014

„Промовирање на социјално и финансиско образование кај децата", истражувач, ИОХН-С, 2014

"Independent Context Watch 2013", истражувач, ИОХН-С, 2014

„Официјалната употреба на јазиците во општините во Република Македонија", истражувач, ИОХН-С, 2014

„Градење алијанси за слободно новинарство и демократско општество", истражувач, ИОХН-С, 2014

„Со читање до лидерство", истражувач, ИОХН-С, 2013

„Социјалните медиуми и политичкото однесување кај младите", истражувач, ИСА, 2013

„Напуштање на етноцентричниот дискурс во владината политичка реторика и во институционалните политики", истражувач, ИОХН-С, 2013

„Етничка и родова инклузивност во ЛГБТИ движењето во Македонија", истражувач, ИОХН-С, 2013

„Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа и локалните активисти за остварување и креирање на ефективни политики за родова еднаквост во Република Македонија" , ИОХН-С, 2012-2013

„Јавноста и политиката во Република Македонија",ИСА, истражувач, 2012

„Демократската свест на граѓаните во Република Македонија", истражувач, Совет за глобална соработка, 2012

„Независноста на медиумите во Република Македонија- случајот А1 Телевизија", истражувач, ИСА, 2011

„Инклузивноста на македонското општество", истражувач, ФИООМ, 2008



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES - SKOPJE
"20 Oktomvri " street, nr. 8, second floor, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: +389 2 311 30 59
e-mail: info@isshs.edu.mk

**ЕКСПЕРТСКИ АКТИВНОСТИ: РЕВИЗИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА, КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ И СЛ.**

Консултантски услуги за потребите на UNDP, 2017-2018 година

Консултантски услуги за потребите на Swisspeace, 2014-2015 година

Консултантски услуги за потребите на Хелсиншки комитет за човекови права, 2015 година

Лектура на македонски јазик на Списанието за политики, род и култура „Идентитети" бр.14, 1/2017

**КОНФЕРЕНЦИИ**

Конференција „Политиките на културното наследство и меморија" ("The politics of heritage and memory" Conference), 9-10 Октомври 2013 Задар, Р. Хрватска

Конференција за промовирање на прирачникот за родово одговорно буџетирање („Conference for the launch of GRB Textbooks for Universities"),13 Ноември 2013, Сараево, Босна и Херцеговина

**СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ**

Студиски престој во Виена на покана од Универзитетот во Грац (13-16 ноември 2017, Виена, Австрија)

**УЧЕСТВО ВО КОМИСИИ И ТЕЛА НА ДРЖАВНИ И ДРУГИ ОРГАНИ**

Учество во работна група на Министерството за внатрешни работи за законски измени за следењето на комуникации

Член на советодавната група на Регионалната програма за локална демократија на Западен Балкан (ReLOaD)

**МЕЃУНАРОДНИ СЕРТИФИКАТИ**

Регионален мастер обучувач на AFLATOUN Europe (добиена на обука одржана од 4 до 11 Септември 2014 во Истанбул, Р.Турција)

**2.1.2. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје од 2012 до 2016 година, доц. д-р Калина Лечевска го предава предметот „Современи трендови во социјалните политики во Европа. " Од 2016 година го презема изборниот предмет „Студии на политики во цивилниот сектор". Кандидатката учествувала како членка во комисија за одбрана на пет магистерски трудови и еден избор во звање.

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, учеството на бројни истражувања и проекти, завршеното образование како и работата во наставно-научната дејност на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, се доказ на сериозниот пристап на доц. д-р Калина Лечевска во научното истражување.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката доц. д-р Калина Лечевска, во учебната 2016/2017 година доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за општествени и хуманистички истражувања – Скопје.

## 3. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

По разгледувањето на приложените трудови и по усогласувањето на поединечните мислења, констатиравме дека доц. д-р Калина Лечевска со научните истражувања и посветеноста на научната работа постигнала одличен напредок во изминатиот период во областите на општествените и хуманистичките науки.

**Заклучок:**

Од приложените трудови, може да се констатира дека доц. д-р Калина Лечевска има значајно и богато искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти и во наставно-научната дејност. Нејзината работа и трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои се опфатени во нејзината работа, како и темите од магистерскиот и докторскиот труд покажуваат дека кандидатката има пионерски пристап за анализа на проблемите кои целосно биле занемарени. Со тоа покажала сериозна самостојност и посветеност да даде сопствен придонес во развој на соодветните области. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES - SKOPJE
"20 Oktomvri " street, nr. 8, second floor, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: +389 2 311 30 59
e-mail: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот. По внимателно разгледување на приложената документација, комисијата заклучи дека доц. д-р Калина Лечевска ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање – виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

**Предлог:**

По запознавањето со научниот опус и наставните активности на доц. д-р Калина Лечевска, донесовме заклучок дека покрај формалното исполнување на предвидените услови, таа е и сериозно посветена на научно-истражувачката работа и сопственото надградување. Имаме чест и задоволство да му предложиме на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, доц. д-р Калина Лечевска да се избере во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Дона Колар-Панова, професор емеритус (редовен професор),
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, членка

Д-р Маја Мухиќ, вонреден професор,
Универзитет на Југоисточна Европа- Скопје, членка